**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 10. 12. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6351 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 - М ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: 10 декември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 10 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 76-б став 3 од Изборниот законик** („При известувањето во деновите на изборниот молк, ќе се смета дека медиумите го прекршиле изборниот молк доколку емитуваат, односно објават: какви било информации, фотографии, аудио и аудио-визуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите; какви било облици на медиумско известување кои се отворено или прикриено во функција на нечија изборна кампања и можат да влијаат врз одлуката на избирачите; податоци со кои го откриваат идентитетот на политичките субјекти и/или на поединци вклучени во инциденти или други неправилности на денот на гласањето како и изјави од кандидати во изборниот процес, од учесниците во изборна кампања, од претставници на политички партии, и од носители на функции во органите на власта“).

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 - М ДООЕЛ Скопје, емитуван на 10 декември 2016 година, на државно ниво, е констатирано дека, спротивно на одредбите од член 76-б став 3 од Изборниот законик, во рамки на вестите на „Глас на Америка“ – програма на албански јазик, што ги пренесува телевизијата, е емитувано интервју со Зиадин Села, претседател на партијата „Движење за реформи на ДПА“, дел од Коалицијата „Алијанса за Албанците“, и носител на листа со кандидати за пратеници на Коалицијата во 6-та изборна единица.

10.12.2016

| Програма | Период на емитување на прилогот | | Опис на прилогот |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| **Вести „Глас на Америка" – програма на албански јазик (06:10:58 ч.)** | **06:27:20** | **06:35:24** | Емитувано е интервју со Зиадин Села, претседател на партијата „Движење за реформи на ДПА", дел од Коалицијата „Алијанса за Албанците", и носител на листа со кандидати за пратеници на Коалицијата во 6-та изборна единица. |

***Сектор за програмски работи***